# Владата засега нема да ја ограничи каматата на долговите

Владата засега не размислува да ја ограничи висината на каматата на долговите за тие да не ја надминуваат главнината на првичниот долг. Вакви крупни измени најверојатно ќе се случат во иднина, кога ќе биде во целост изготвен и новиот Граѓански законик. Но кога точно ќе биде тоа, засега никој не сака да прецизира. Министерката за правда, Рената Дескоска, вели дека измени во делот на обигационото право не се планираат сега. Но решение за проблемот со високите камати, на кои се жалат граѓаните, ќе се бара на друг начин.



- Не се доставени сè уште измените од групата што работи на Граѓанскиот законик. Се подготвува цела нова кодификација. Таа измена не може да оди брзо, а проблемот е акутен. Затоа сега треба да се оди со други интервентни измени за кои треба да одлучи Министерството за финансии (како што е предлогот за отпис на камати), а кај нас се работи на измена на Законот за извршители и на тарифите - вели Дескоска.

На Македонија не ѝ е туѓо ограничувањето на висината на каматите. Таков е Законот за облигациони односи, кој бил донесен во времето на СФРЈ, поточно во 1978 година. Тој предвидувал каматата на долгот да престане да важи кога сумите на втасаните, а неисплатени камати ќе ја достигнат главницата. Законот бил потпишан од тогашниот претседател Јосип Брзо Тито, но и од Киро Глигоров, како претседател на Собранието на СФРЈ.

Комората на извршители во неколку наврати го предлага истото решение. Уште во 2013 година побара од Врховниот суд да утврди критериуми за начинот на пресметка на каматата, особено во стари предмети каде што главното побарување се повремени месечни плаќања за испорака на услуги од јавните претпријатија, кои биле навремено и редовно тужени, но поради долгото времетраење на извршната постапка во голем број предмети долгот десеткратно го надминува износот на главното побарување на товар на должникот.

Но Врховниот суд тогаш не утврди нови критериуми и им порача на извршителите да работат според Законот за облигации.

Сега во собраниска процедура е нов предлог на група пратеници за отпис на каматите на долговите од комуналните сметки направени до 2011 година. Но со ова решение не се задоволни неколку граѓански здруженија, кои, пак, доставија свој предлог за целосен отпис на долговите за комунални услуги, кои стигнале на извршување пред 2014 година.

Здруженијата најавија и дека ќе побараат од премиерот Заев да достави препорака до јавните претпријатија за отпис на каматите на заостанатите долгови. А потоа ќе побараат во закон да влезе и отпис на долгови од банкарски кредити земени во 1990-тите години.

За потребата од измени на законот што го ставаат должникот во независна положба зборува и професорот Ангел Ристов. Според него, постои парадокс во македонското право, убиството застарува, долгот никогаш.

- Лошото законско решение (дура лекс лекс ест), е вистинската причина, поради која се јави огромно незадоволство кај голем број граѓани, кои за минимални суми на основен долг беа задолжени да плаќаат десеткратно поголеми износи. Но, не и извршителите што се должни да постапуваат по барањата на доверителите и да го применуваат законот, па дури и кога содржи лоши и неправедни решенија. Од друга страна, ваквото законско решение остава многу голем простор за злоупотреби од страна на доверителот. Тој може извршната исправа со години да ја чува во фиока и со тоа да се стекнува со казнена камата од своето побарување на сметка на должникот. Ваквата можност и постапување се спротивни на начелото на совесност и чесност и еднаквост и рамноправност во облигационите односи. Поради ова, потребно е да се предвидат и рокови во кои доверителот по правосилноста на исправата ќе биде должен да го побара по присилен пат исполнувањето на своето побарување - вели Ристов.

Тој се надева дека во интерес на граѓаните наскоро ќе биде донесен Граѓанскиот законик, со кој многубројните празнини и нејаснотии во постојното право ќе бидат надминати.

- Со право Комисијата за изготвување на Граѓанскиот законик, предводена од професорот Гале Галев, кај Облигационоправните односи, категорично предвидува дека „рокот од 10 години се уредува како апсолутен, од причини на правната сигурност, во согласност со целта на институтот застареност". Во споредбеното право апсолутниот рок на застареност на побарувањата од 10 години е предвиден во поновите граѓански кодификации на Литванија, Летонија, Грузија и Украина - вели професорот на Правниот факултет во Скопје.

Освен ова, потребно е да се предвидат и преклузивни рокови за доверителот да не го злоупотребува правото и на крајот од истекот на рокот од 10 години да поднесе барање за присилно исполнување.

## Се ограничуваат трошоците за брзите кредити

Министерството за финансии ги намалува високите трошоци за брзите кредити. Со измените на Законот за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити, вкупните годишни трошоци се ограничуваат на 55 отсто од кредитот. Претходно не беа ограничени и достигнуваа и до 500 отсто од кредитот. Со измените се опфаќаат и малите кредити под 200 евра, кои претходно не беа влезени во закон.

- За да ги заштитиме граѓаните, а наедно и да го намалиме ризикот од дополнително влошување на состојбата на лицата што имаат проблеми со отплата на кредитите, ги направивме овие законски измени. Со нив се намалуваат и вкупните трошоци за кредитите. Сега, со измена на законот, вкупните трошоци на кредитот се лимитираат на 55 отсто, или 5 пати по стапката на казнената камата од 11 отсто. За споредба, претходно не постоеше лимит, така што давателите на кредити за мали износи и куси временски рокови наплаќаа двојно или тројно повисока сума трошоци од главнината. На пример, за земен кредит од 12.000 денари на два-три месеци, граѓаните требаше да вратат 36.000 денари - вели заменик-министерката за финансии Ширет Елези.

Организацијата на потрошувачи на Македонија (ОПМ) ја поздрави иницијативата на Министерството за финансии.

- Поволно за потрошувачите е тоа што со законските измени се овозможува законот да се применува и на кредитите до 200 евра, кои досега не беа опфатени со овој закон, додека кај потрошувачите се создава заблуда затоа што најчесто овие кредити се рекламираат како кредити без камата, а всушност пресметаните трошоци претставуваат скриена камата - вели Маријана Лончар, претседателка на ОПМ.

## Царината ќе има предност пред извршителите за наплата на долгови

И Царинската управа ќе ги блокира банкарските сметки на граѓаните и ќе прави присилна наплата на царинските долгови. Со предложените измени на Законот за банките ќе се дозволи, царината да добива податоци за трансакциските сметки на граѓаните. Доколку предложениот закон помине во Собранието, банките ќе бидат обврзани да ѝ ги даваат на царината податоците за граѓаните,

Од царината велат дека тие досега ги блокирале сметките на граѓаните што не плаќале царина преку УЈП, бидејќи немале законска основа да прават присилна наплата на долгот директно во банка.

- Царинската управа не бара увид во трансакциските сметки на физичките лица туку царинската управа бара да постапува во согласност со својата надлежност, која ја има според Царинскиот закон, да изврши присилна наплата спрема физички лица што имаат одреден долг спрема царинската управа. Ние досега процесиравме барање до банките во кои беа наведени само името и презимето на одреденото физичко лице што има царински долг и назад ни беше вратено дека нема законска основа по која може да се изврши блокирање на сметката - вели Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

Наплатите на глобите за сторен царински прекршок и понатаму ќе бидат во надлежност на УЈП. Царината ќе прави присилна наплата за долг на физички лица кои се утврдени во постцаринска контрола (како на пример: дополнително утврдена вредност на увезената стока, дополнително утврдено потекло), за кои е спроведена управна постапка од страна на Царинската управа.

Царината ќе има приоритет пред извршителите за наплата, доколку должникот должи на повеќе места.

- Во одредбите од Законот за даночна постапка (чл. 142) е утврдено дека наплатата на данок има приоритет во наплатата и се извршува пред другите налози. Во Законот, исто така, се наведени и правилата за наплата. Ако царинскиот должник е во работен однос, а нема други парични примања, забраната за пренос на паричните средства (денарски и девизни) се става на една третина од нето личните примања по основ на работа но најмногу до износ од 150 евра во денарска противвредност. Во Законот за даночна постапка, чл. 130 е утврдено што не може да биде предмет на присилно извршување, односно заплена на недвижен и движен имот. Облека, апарати за домаќинството, прехрамбени производи - вели Танасоски.

Според податоците на управата, бројот на граѓани што не платиле царина не е голем. Во моментов има стотина должници со вкупен долг од 2 милиони денари.

Дирекцијата за заштита на личните податоци не ѝ го оспорува правото на царината да може да ги блокира граѓаните, но смета дека за таа цел не смее од Законот за банките да се тргне во целост банкарската тајна за цариниците.

- Предложеното законско решение треба да се избрише во целост, бидејќи не е во согласност со начелата на пропорционалност и неопходност. Тоа може да се реализира, но со соодветни измени на Законот за царинска управа, а податоците да се обезбедат од единствениот регистар на трансакциски сметки што се води од страна на Клириншката куќа КИБС - велат од Дирекцијата за заштита на личните податоци.